Врз основа на член 10 и член 45 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), в.д. директорот ја донесе следната

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Бр. 04-297/7
17.07. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## *за избор на 1 извршител-кандидат за административен службеник за работно место Помлад соработник за управување со човечки ресурси*

1. За извршител на работното место **Помлад соработник за управување со човечки ресурси** во Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи во Државниот испитен центар, со шифра **УПР 01 01 В04 000**, *СЕ ИЗБИРА* кандидатот ***Илзана Ибраими***.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точката 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на објавениот јавен оглас број 73/2018 во дневните весници „Слободен печат", „Лајм" и „Нова Македонија" на ден 07.06.2018 година за пополнување на работно место Помлад соработник за управување со човечки ресурси во Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи со шифра УПР 01 01 В04 000, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, на ден 12.07.2018 година спроведе постапка на веродостојноста на доказите и интервју за наведеното место.

По спроведената постапка на веродостојноста на доказите и интервјуто, како и извршеното бодување, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување на работното место Помлад соработник за управување со човечки ресурси во Државниот испитен центар.

Врз основа на тоа, се изврши избор како во диспозитивот.

*УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на истата на веб страната на Агенцијата за администрација.*

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
В.Д. ДИРЕКТОР

*д-р Лидија Ѓошевска*

Доставено до:

- Горeименуваната;
- Одделението за нормативно-правни, Административни и општи работи;
- Архивата и
- Агенцијата за администрација

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), в.д. директорот ја донесе следната

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Бр. 04-297/6
17.07. 2018 год.
СКОПЈЕ

# О Д Л У К А

***за избор на 1 извршител-кандидат за административен службеник за работно место Раководител на Одделението за обуки и развој***

1. За извршител на работното место **Раководител на Одделението за обуки и развој,** при Секторот за обуки и информатичка обработка на податоци во Државниот испитен центар со шифра **УПР 01 01 Б04 000,** *СЕ ИЗБИРА* кандидатот ***Билјана Михајловска***.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точката 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на објавениот јавен оглас број 73/2018 во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Лајм", објавен на ден 07.06.2018 година, за пополнување на работно место Раководител на Одделението за обуки и развој, при Секторот за обуки и информатичка обработка на податоци, со шифра УПР 01 01 Б04 000, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, на ден 12.07.2018 година спроведе постапка на веродостојноста на доказите и интервју за наведеното место.

По спроведената постапка на веродостојноста на доказите и интервјуто, како и извршеното бодување, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување на работното место Раководител на Одделението за обуки и развој во Државниот испитен центар.

Врз основа на тоа, се изврши избор како во диспозитивот.

***УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:*** *Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на истата на веб страната на Агенцијата за администрација.*

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
В.Д. ДИРЕКТОР

*д-р Лидија Ѓошевска*

Доставено до:

- Гореименуваната;
- Одделението за нормативно-правни, Административни и општи работи;
- Архивата и
- Агенцијата за администрација.